МАКЕДОНИЈА
општество
0911-1273/1
26.03. 15 год.

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА 2019-2021

**Јануари 2019**

## 1.1 ВОВЕД

Поаѓајќи од стратешките документи на Република Македонија како Програма за работа на Владата 2017-2020; Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ број 84/2018); Итните реформски приоритети; План 18; Националната програма за усвојување на законодавството на Европската унија (НПАА) – ревизија за 2017 година, како и Стратегијата за реформа на јавната админстрација (2018-2022), Национална стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018-2022, Стратегијата за отворени податоци 2019-2020, министерството за информатичко општество и администрација изработи Нацрт-Стратешки план на министерството за информатичко општество и администрација (2019 -2021).

## 1.1 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## 1.2 МИСИЈА

Го водиме и креираме развојот на информатичкото општество во Република Македонија. Носители сме на реформите во администрацијата – навремени и квалитетни услуги за граѓаните и бизнис заедницата за побрз економски раст на Република Македонија.

## 1.3 ВИЗИЈА

Развиено современо информатичко општество и стручна, ефикасна и отчетна администрација во служба на граѓаните и бизнис заедницата во Република Македонија.

## 1.4 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Со изменувањата и дополнувањата на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/10), Министерството за информатичко општество прераснувајќи во Министерство за информатичко општество и администрација (МИОА) доби пошироки надлежности, а со тоа и поголема одговорност.

Задачите и обврските на министерството се однесуваат на:

- ✓ развој и промоција на информатичкото општество;
- ✓ креирање и водење на регистар на информациони и комуникациски системи и информатичка опрема во рамките на органите на државната управа:
- ✓ интегрирана информатичка и комуникациска мрежа, бази на податоци, меѓусебно поврзување и размена на информации, безбедносните аспекти и развојот на инфраструктурата на државните органи, правните и другите лица на кои со закон им е доверено да вршат јавни овластувања;
- ✓ следење на состојбите со информациските и телекомуникациските технологии и воведување на меѓународните стандарди;
- ✓ телекомуникациите и телекомуникациската инфраструктура;
- ✓ радиодифузијата и радиодифузната инфраструктура;
- ✓ законско уредување на прашањата во врска со администрацијата;
- ✓ надзорот и обезбедувањето на единствената примена на прописите што се однесуваат на државните и јавните службеници;
- ✓ развивањето на политиката поврзана со правата, обврските, одговорностите и оценувањето на државните и јавните службеници;
- ✓ класификација и описот на работните места, платите и надоместоците на плати на државните и јавните

- ✓ подготвување на стратешки документи за ефикасното и ефективното работење, обуката и стручното усовршување на државните и јавните службеници, организирање и спроведување на обука;
- ✓ развој и координацијата на политиките во врска со управувањето со човечки ресурси;
- ✓ реформа во јавната администрација;
- ✓ остварување на меѓународна соработка по прашања од негова надлежност;
- ✓ државна управа;
- ✓ управна постапка;
- ✓ управен надзор и
- ✓ врши и други работи утврдени со закон.

Со донесувањето на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014; 199/2014; 48/2015; 154/2015 и 5/2016 година) и Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 27/16), министерството за информатичко општество и администрација доби и дополнителни задачи и обврски. Во таа насока, МИОА ги врши следниве работи:

- ✓ креира политики и стратегии од областа на управување со човечките ресурси во јавниот сектор;
- ✓ подготвува закони и прописи од областа на човечките ресурси и ја следи на нивната примена;
- ✓ дава предлози за подобрување и следење на усогласените посебните закони и прописи во делот на управување со човечки ресурси со законите и прописите од негова надлежност;
- ✓ ја пропишува содржината и начинот на погодување на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места на административните службеници во институциите;
- ✓ дава согласност на актите за систематизација на работните места во институциите, во делот на усогласување на описот на работните места на административните службеници со Законот за административни службеници и со Каталогот на работни места во јавниот сектор;
- ✓ дава мислења за примената на Методологијата за планирање на вработувања во јавниот сектор;
- ✓ ја пропишува Рамката за општи компетенции на административните службеници;
- ✓ го пропишува на Кодексот за административни службеници;
- ✓ го води Каталогот на работни места во јавниот сектор;
- ✓ ја води листата за трансфер (возможни идни преземања) на државните и јавните службеници;
- ✓ го води Регистарот за оценување на административни службеници;
- ✓ ја води евиденцијата на ментори на државните и јавните службеници;
- ✓ подготвува и донесува годишна програма за генерички обуки на административните службеници;
- ✓ ја подготвува и донесува годишната програма за обука и испитот за административно управување;
- ✓ организира, координира и спроведува обуки за административните службеници;
- ✓ ги подготвува и издава потврдите за успешно реализираните обуки;
- ✓ ги подготвува и издава потврдите за положен испит за административно управување;
- ✓ формира организациона единица за стручно усовршување на административните службеници, односно Академија за стручно усовршување на административните службеници;
- ✓ соработува со стручни, високообразовни и научноистражувачки институции од земјата и странство ѝ ангажира експерти од соодветните области;
- ✓ организира, координира и спроведува генерички и специјализирани обуки за стручно усовршување за вработените во јавниот сектор кои немаат статус на административни службеници со наплаќање надоместок;

✓ организира, координира и спроведува специјализирани обуки за административно управување со наплаќање надоместок.

## 1.5 СПЕЦИФИЧНОСТ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

Министерството за информатичко општество и администрација е орган на државна управа, основан согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа.

## 1.6 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Органограмот е изработен согласно усвоените правилници: Правилник за внатрешна организација на министерството за информатичко општество и администрација и Правилник за систематизација на работните места на министерството за информатичко општество и администрација.



МИНИСТЕР
ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
ДРЖАВНИ СОВЕТНИЦИ
1. Државен советник за нормативни и правни прашања
2. Државен советник за информатички системи и технологии
3. Државен советник за администрација
4. Државен советник за финансиски прашања
5. Државен советник за управување со човечки ресурси во администрација
6. Државен советник за комуникации и медиуми
ОДДЕЛЕНИЈА НАДВОР ОД СЕКТОРИ
Одделение за внатрешна ревизија
Одделение за управување со човечки ресурси во министерството
СЕКТОР ЗА ПОДДРШКА НА КАБИНЕТИТЕ, ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРУЧНО-ОПЕРАТИВНА ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА
ОДДЕЛНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОПШТИ РАБОТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИТ ПОДДРШКА
СЕКТОР ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ, АНАЛИЗА И МОНИТОРИНГ НА ПОЛИТИКИТЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИПА
СЕКТОР ЗА РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
ОДДЕЛНИЕ ЗА РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА Е-ИНФРАСТУКТУРА И ИТ СТАНДАРДИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИКТ ПРОЕКТИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНТЕРОПЕТРАБИЛНОСТ
СЕКТОР ЗА КОМУНИКАЦИИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЕЛЕКТОРНСКИ КОМУНИКАЦИИ СО ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА АУДИО ВИЗУЕЛНИ ПОЛИТИКИ
СЕКТОР ЗА РЕФОРМА НА АДМИНИСТРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА НА РИА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ ПОВРЗАНИ СО РИА
ОДЕЛЕНИЕ ЗА КООРДИНАЦИЈА И ПОДДРШКА НА ЈАВНИОТ СЕКТОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПОЛИТИКИТЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО АДМИНИСТРАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА РЕГИСТАР И МОБИЛНОСТ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СОГЛАСНОСТИ ПО АКТИ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И СИСТЕМАТИЗАЦИЈА И ГОДИШНИ ПЛАНОВИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
СЕКТОР ЗА РИА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПРОЦЕНКА, ОБЈАВА И СЛЕДЕЊЕ НА РЕГУЛАТИВАТА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ БАРИЕРИ И ПОДОБРА РЕГУЛАТИВА
СЕКТОР ЗА ФИНАНСКИ ПРАШАЊА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КООРДИНАЦИЈА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА БУЏЕТСКА КОНТРОЛА
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СМЕТКОВОДСТВО И ПЛАЌАЊЕ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
АКАДЕМИЈА ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКА И ПОДГОТОВКА НА ПРОГРАМИ ЗА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ НА БАЗИ НА ПРАШАЊА, РЕГИСТЕР НА МЕНТОРИ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА, КООРДИНАЦИЈА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ ВО УЧИЛНИЦА И ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ ОБУКИ

## 1.7 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ

Државниот управен инспекторат е орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/2013) со членот 5 се пропишува дека инспекторатите се органи во состав на министерствата со својство на правно лице, имаат сопствена буџетска сметка како буџетски корисници од прва линија, самостојно спроведуваат постапки за вработување согласно со закон и одлучуваат за правата и обврските од работен однос.

МАРнет е јавна установа која врши дејност од јавен интерес. Основана е со Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа – МАРнет („Службен весник на на Република Македонија" бр.124/10). Мисијата на МАРнет е обезбедување на услуги на национално ниво и меѓународно поврзување на Македонската академска истражувачка и образовна заедница и поддршка на нивните истражувачки и образовни активности; промовирање и дисеминирање на употребата на информациските и комуникациските технологии посебно во академскиот и истражувачкиот сектор; одржување и управување со националниот ДНС, меѓународно претставување и членство; водење на политика и развој на националната академска мрежа.

## 1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА ОРГАНОТ НА ДРЖАВНАТА УПРАВА

**Развој на модерна администрација:**

- ✓ зајакнати капацитети за координација на реформата на администрацијата;
- ✓ создадени стратешки документи за ефикасно и ефективно работење на вработените во администрацијата;
- ✓ создадена политика за воведување на услуги, како одговор на барањата и потребите на граѓаните и бизнис заедницата;
- ✓ овозможување услови за полесен пристап до информации од јавен карактер и поголема транспарентност во работењето на администрацијата;
- ✓ транспарентност во работењето на администрацијата;
- ✓ спроведување на функционална анализа на институциите на централната власт;
- ✓ објавување на реалната бројка на вработени во јавниот сектор, врз основа на податоци од Регистарот на вработени во јавниот сектор;
- ✓ спроведување на Стратегијата за реформа на јавната админстрација (2018-2022);
- ✓ оптимизација на процесите и ресурсите, врз основа на функционалната анализа во секоја институција и понуда до приватниот сектор за превземање на дел од вработените во јавниот сектор;
- ✓ зголемена ефикасност и ефективност на јавната администрација;
- ✓ воспоставување на сет на стандарди и компетенции за давателите на јавните услуги;
- ✓ зајакнати капацитети на вработените во администрацијата преку континуирано стручно усовршување и обуки;
- ✓ развивање на критериуми за избор и обуки за носителите на раководни позиции во администрацијата;
- ✓ унапредување на Мрежата за управување со човечки ресурси во јавниот сектор:
- ✓ зајакнати аминистративни процедури и структури за спроведување на процесот на регулаторна реформа;
- ✓ намалени административни препреки и
- ✓ имплементирање на концептот отворена влада согласно иницијативата за Отворено владино партнерство.

**Одржлив развој на информатичкото општество и телекомуникации:**

- ✓ подобрена ИКТ инфраструктура;
- ✓ интегриран Единствен национален интероперабилен систем;
- ✓ привлекување на домашни и странски инвестиции од областа на ИКТ;
- ✓ централизирано одлучување и координација за ИКТ системи на ниво на институции;
- ✓ воведување на Единствен електронски регистар на население;
- ✓ зголемување на бројот на ИКТ кадри, кои би станале достапни на пазарот на трудот во најкратко можно време, како одговор на зголемениот раст на побарувачката за оваа професија на пазарот на трудот
- ✓ константно зголемување на бројот на електронски услуги за граѓаните;
- ✓ зголемување на процентот на пенетрација на широкопојасен интернет;
- ✓ донесување на среднорочна ИКТ стратегија;
- ✓ воведување на трет мобилен оператор;
- ✓ воведени меѓународно прифатени ИТ стандарди, развиени национални ИТ стандарди;
- ✓ олеснет пристап до бизнис информации од меѓународната ИКТ мрежа;
- ✓ зголемена безбедност во ИКТ системите, протокот на информациите и заштита на интересите на корисниците со посебен акцент на заштита на малолетните лица;
- ✓ подобрување на ИКТ капацитетите во администрацијата;
- ✓ искористување на придобивките од ИКТ за реализација на целите во образованието;
- ✓ подобрување на ИКТ знаења и вештини на граѓаните;
- ✓ развивање и подобрување на политиката за електронска комуникација и аудио и аудио-визуелна медиумска услуга;
- ✓ развиени медиуми и воведени нови технологии и услуги;
- ✓ одржливи и конкурентни услови за обезбедување на електронска комуникациска услуга;
- ✓ поддршка на е-трговијата кај домашните фирми;
- ✓ стратешко планирање за развој на ИКТ вклучувајќи ги домашните компании;
- ✓ зголемување и модернизирање на ефективноста во работењето преку обезбедување функционалност по мерка на корисниците;
- ✓ подобрување на квалитетот на податоците во електронските регистри во секоја институција и развој на нови е-регистри
- ✓ зголемен број на поврзани институции и други органи кои разменуваат податоци преку системот за интероперабилност;
- ✓ овозможен пристап за остварувањето на права на граѓаните на едно место, на едноставен и ефикасен начин
- ✓ Воспоставување на ИКТ инфраструктура отпорна на сајбер закани, идентификување и имплементирање на соодветни решенија за заштита на националните интереси;
- ✓ Промовирање на култура за сајбер безбедност, со цел сеопфатно разбирање на сајбер заканите, како и градење и унапредување на потребните капацитети за заштита;
- ✓ Обезбедување отворен, слободен, доверлив и безбеден сајбер простор преку соработка и размена на информации на национално и меѓународно ниво;
- ✓ зголемување на транспарентноста, отвореноста, интегритетот и јавното учество преку отворени податоци;

**Медиумски реформи:**

- ✓ подобрување на законската рамка за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- ✓ зајакнување на независноста и капацитетот на медиумскиот регулатор и јавниот радиодифузен сервис;
- ✓ подобрување на услови за работа на комерцијалните телевизии со национална концесија;
- ✓ развивање механизми за транспарентно и фер известување за прашања од јавен интерес;
- ✓ поголема транспарентност во работењето.

## 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2017 ГОДИНА

### 1.10.1 Интероперабилност

Министерството за информатичко општество и администрација, како носител на платформата за интероперабилност прави напори за зголемување на бројот на институции кои ќе ја користат платформата за интероперабилност, при што им помага на институциите и го води процесот на подготовка и нивно приклучување на истата. Во тек на 2017 потпишани се договори со 7 нови институции. Заедно со овие институции, на платформата за интероперабилност се приклучени вкупно 27 институции, а на располагање на институциите се 103 сервиси за размена на податоците.

Во изминатиот период, паралелно се врши размена на податоци на двете сервисни магистрали МИМ1 и МИМ2, но истите не комуницираат меѓу себе. Во соработка со МТСП, договорено е превземање на дел од опремата од проектот за интерконективност („Набавка на опрема и софтвер за интерконективност и размена на податоци помеѓу институции"), како и развиените веб сервиси.

### 1.10.2 Отворени податоци

Во ноември 2017-та година беше склучен Меморандум за соработка помеѓу владите на Република Македонија и Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска. Со потпишувањето на овој Меморандум, започнува имплементацијата на проектот: „Модернизација и трансформација на јавната администрација", со буџет од 248.830 фунти. Во рамките на овој проект опфатена е и компонента за модернизација на постоечкиот портал за **Отворени податоци**, со која треба да се постигнат три главни цели:

- Модернизација и изработка на нов центален портал за отворени податоци кој ќе ги следи најновите трендови на ова поле во ЕУ и САД.
- Изработка на национална стратегија за отворени податоци
- Детална анализа и попишување на отворените податочни сетови во четири институции

### 1.10.3 Систем за управување со документи (ДМС)

Системот за управување со документи (ДМС) претставува централен унифициран систем за управување со документи наменет за подобрување на работењето на државните институции, со чија помош процесирањето на документите и спроведувањето на процесите во државните институции се одвива целосно електронски. Системот е имплементиран со проект во 2016 година од страна на Министерството за информатичко општество и администрација, а се користи во 17 институции.

Во текот на 2017 година беше реализиран договор за одржување на системот за управување со документи, со кој е опфатено превентивно и реактивно одржување, со цел непречено функционирање на институциите корисници на системот.

Развојот на новите трендови во дигиталната технологија и искуството од неколкугодишното користење на ДМС, ја наметнува потребата за модернизација на системот и надминување на ограничувањата на постоечкото решение, односно подобрување и рационализација на постоечките процеси, како и воведување на нови процеси и функционалности. Во таа насока беа насочени анализите на пазарот на решенија за електронско управување со документи, како подготовка за идната модернизација на системот.

### 1.10.4 Една точка за услуги (ЕТУ)

Согласно програмата за работа на Владата на Република Македонија, планирано е во секој поголем град да се отворат канцеларии (центри) каде што граѓаните ќе може да се обратат на едно место - Една точка за услуги за услугите што ги нудат повеќе државни институции во Република Македонија. Центрите ќе ги користат сите методи на комуникација, телефонски, е-пошта, портали, веб-сервиси кои ќе бидат поврзани на системот за интероперабилност. Развојот на центрите ќе се одвива во две фази. Во првата фаза на едно место ќе се понудат шалтери на одреден број на институции, особено оние кои издаваат голем број на документи и услуги, со одреден број на услуги кои ќе бидат во можност да ги даваат, а зависно од процесите потребни услугите да

бидат завршени. Корисниците на услугите ќе поднесуваат барања за услугите и истите ќе ги добиваат на шалтерот на соодветната институција. Услугите кои ќе бидат давани, ќе бидат реализирани во целост, заклучно со плаќање на надоместоците и административните такси.

Во изминатиот период беше завршено адаптирање на просторот со спроведување на набавка на мебел, согласно идејниот проект. Во соработка со УНДП, во текот на декември 2017 година се спроведе истражување за корисничките очекувања на Салата, за што беше ангажиран и меѓународен експерт. Во истражувањето беа вклучени над 12 лица од различни групи по пол, возраст, степен на попреченост, етничка припадност, степен на образование и друго. Во Извештајот од истражувањето, доставен од експертот во месец јануари 2018, наведени се сите наоди, заклучоци и препораки за следни адаптации/ уредувања на просторот. Покрај тоа, беше изработена и работна верзија на Закон за електронско управување и електронски услуги.

#### 1.10.5 Национален портал за е-услуги

Развојот и воспоставувањето динамичен веб-портал за е- услуги кон граѓаните (Национален портал за е-услуги) претставува единствена точка на контакт со државните тела според едношалтерскиот принцип и користење стандардизирани кориснички интерфејси. Порталот се изработува како дел од ИПА проект и ќе биде пуштен во употреба на текот на 2018 година. Порталот ќе биде достапен преку интернет на различни веб-ориентирани платформи.

Министерот за информатичко општество и администрација Дамјан Манчевски и постојаниот координатор на ОН и претставник на УНДП во Македонија Луиза Винтон, на 19 декември 2017 година потпишаа Меморандум за соработка, со што започнува имплементацијата на проектот „Една точка на услуги" и почеток на хоризонталната функционална анализа на јавната администрација. Во соработка со УНДП, во склоп на наведениот проект, и со помош на локални конслутанти, во текот на јануари 2018 година беше спроведено корисничко тестирање на предложениот интерфејс на Националниот портал, со вклучување на над 35 корисници од различни групи по пол, возраст, степен на дигитална писменост, етничка припадност и друго. Наодите од тестирањето се категоризираа и од нив беа изведени препораки. Препораките беа разгледани со фирмата која го развива порталот, изведувачот на ИПА проектот и по истите ќе биде постапено.

Во текот на 2017 година, беше изготвена листа за развој на нови е-услуги и постојни е-услуги за интеграција. Беше дефиниран начин на единствена најава (Single-Sign-On), и институции чии системи за најавувања ќе бидат искористени. Покрај тоа, поврзувањето на порталот со ЦРН беше утврдено и започна внесувањето на е-услуги.

#### 1.10.6 Каталог на јавни услуги

Каталогот на услуги пак, треба да произлезе од материјалните закони во кои се уредени услугите. Тој треба да ги опфати сите јавни услуги, податоци и докази потребни за остварување на овие јавни услуги, законски рокови за остварување на услугите, дистинкција на податоците и документите кои ќе се прибавуваат по службена должност и оние кои граѓаните и правните субјекти ќе треба да ги приложуваат кон барањата, а кои се од личен карактер и не се наоѓаат во евиденцијата на јавните органи, правни лекови за секоја од услугите, висината на таксите и надоместоците за услугата, и други податоци. Во декември 2017 година направени се акциски планови за внесување на податоци за преостанатите услуги, а исто така беше склучен и договор со невладина организација, корисник на грант од ЕУ, за внесување на податоци во Каталогот.

#### 1.10.7 Регистар на население

Со проектот „Регистар на население" ќе биде формирана единствена база на податоци која ќе обезбеди ажурирани информации за населението во Република Македонија.

Во јули 2017 година Министерството за информатичко општество и администрација изготви спецификација за набавка на хардверска опрема и софтверски компоненти за потребите на проектот Регистар на население. Набавките беа спроведени преку финансирање од буџетски средства и преку ИПА2013 програмата за набавка.

Техничката спецификација за набавка преку ИПА2013 беше распишана во октомври 2017 година. Во спецификацијата беа наведени главните хардверски компоненти кои се потребни за опремување на главна и резервна локација за хостирање на решението, како би се обезбедила висока достапност на системот.

Дополнително, во спецификацијата беше побарана хардверска опрема за опремување на новиот сектор во

Министерството за информатичко општество и администрација кој ќе треба да работи на одржување на Регистарот на население. Покрај техничкиот дел за спроведување на проектот, Министерството за информатичко општество и администрација почнувајќи од септември 2017 година започна со анализа на законската регулатива и консултации со институциите коишто се директно вклучени во овој проект. Министерството за информатичко општество и администрација одржа неколку состаноци со Дирекција за заштита на личните податоци, како и со Министерството за внатрешни работи каде беа анализирани неопходните законски измени за спроведување на проектот, односно се укажа на потребата од измени и дополнувања на Законот за електронско управување со цел преземање на реалните податоци за граѓаните, како времено решение во интерес на имплементацијата на проектот. Оваа законска измена и дополнување овозможи да се воспостават основите за преземање на податоците за граѓаните и за населението во Република Македонија. Имајќи предвид дека измената и дополнувањето на Законот за електронско управување е времено решение, а несомнено јасната потреба од донесување на lex specialis за регистарот на население и националниот портал на услуги, на 27.10.2017 година беше формирана меѓуресорска работна група која даде свој придонес при подготовка на текстот на Нацрт- Законот за централен електронски регистар на население и Нацрт – Законот за електронски услуги. Работната група ја потврди потребата за итни измени и дополнувања на Законот за електронско управување и го утврди текстот на измените и дополнувањата на овој закон.

Дополнително, беше изготвена и содржината на работната верзија на Законот за централен регистар на население и содржината на работната верзија на Закон за електронско управување и електронски услуги. На 16 ноември и на 11 декември 2017 година беа одржани работилници во соработка со НВО „Македонска платформа против сиромаштија" и UNFPA. На работилниците учествуваа невладини организации од цела Македонија и имаа за цел да се запознаат со активностите кои министерството ги спроведува за реализација на проектот Регистар на население.

Во декември 2017 година беше потпишан договор со фирмата која достави најдобра понуда за ИПА2013 набавката на опрема.

### 1.10.7 eIDAS

Со последните измени на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис („Службен весник на Рпублика Македонија" 34/2001, 6/2002, 98/2008 и 33/2015) Министерството за информатичко општество и администрација ги презема од Министерството за финансии сите надлежности од овој закон, освен функцијата на акредитациски орган, која е префрлена во Агенцијата за електронски комуникации. Постоечкиот Закон за податоците во електронски облик и електронски потпис е делумно усогласен со Директивата 1999/93/ЕЗ од 13 декември 1999 година за Заедничка рамка за електронски потпис на Европската унија, која се комплетно се укинува со усвојување на нова Регулатива (ЕУ) бр. 910/2014 за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар (eIDAS).

Заради отстранување на ограничувањата кои произлегуваат од застареноста на Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, прецизно дефинирање на поимот електронски документ, како и заради воведување на нови услуги, започнати се активности за изработка на нов Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, со се транспонира eIDAS регулативата во националното законодавство. Со овој закон се дефинираат стандарди за електронска идентификација, електронски документи и т.н. доверливи услуги: електронски потписи, електронски печати, електронски временски жигови, проверка на автентичност на веб-страница и електронска препорачана испорака.

### 1.10.9 Систем за управување со човечки ресурси

Согласно Стратегијата, МИОА преку употреба на современи информатичко-комуникациски технологии, има за цел да ги унапреди и модернизира капацитетите на администрација, да ги поедностави процесите и постапките, а воедно и да го намали на минимум влијанието на човечкиот фактор во сервисирањето на услугите кон граѓаните и бизнис заедницата. Имплементацијата на интегрираниот систем за управување со човечки ресурси почна во 2014 година и требало да заврши во 2016 година каде што корисници се сите јавни институции (1.300) и нивните вработени (120.000) и овластени лица (2.000).

При тоа, статусот на модулот за персонална евиденција е во фаза на почнато внесување на систематизации и податоци за вработените од страна на поголем број на институции. Модулот за пресметка на плата има 26

институции корисници на системот за пресметка на плата во СОЗР. Модулот за управување со учинок на вработените не е во употреба.Модулот кој се однесува на извештаи вклучува извештаи за генерирање на годишен извештај за вработени во јавниот сектор со неколку основни извештаи.

Во текот на 2017 година, спроведено е тековно оддржување на системот и поддршка во работењето на институциите и корисниците на системот, организирани се дополнителни обуки за користење на модулот персонална евиденција и администрација на системот, организирани се работни сесии со институциите за идентификација на проблемите при користењето на модулот за пресметка на плата и процесот за мигрирање, како и подготвителни активности за задолжување на сите институции на користење на модулот за персонална евиденција и внесување на потребните податоци за вработените од јавниот сектор. Заедно со УЈП, активности за анализа на менување на законската рамка поврзана со плати, односно за измена на 4 закони со кои институциите се задолжуваат за водење на ажурна и точно состојба на сите вработени во системот ХРМИС.

### 1.10.10 Роаминг

На 29-ти септември 2014 година во Будва, Црна Гора е потпишана Спогодба за намалување на цените на услугите во роаминг во јавните мобилни комуникациски мрежи помеѓу: Босна и Херцеговина, Република Македонија, Црна Гора и Република Србија. Со оваа Спогодба е утврдено земјите потписнички да направат соодветни измени во своите закони за електронски комуникации, на начин што цените за услугите во роаминг во државите потписнички на оваа Спогодба ќе се регулираат врз реципрочна основа во согласност со Уредбата за роаминг во јавните мобилни комуникациски мрежи внатре во Европската унија (REGULATION (EU) No 531/2012 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL of 13 June 2012 on roaming on public mobile communications networks within the Union). Намалувањето на цените се изврши постепено (во неколку фази) и моментално, согласно Спогодбата, во важност е најниската цена за роаминг со државите потписнички на оваа Спогодба.

При тоа, потпишан е меморандум меѓу владите на Македонија и Бугарија за намалување на меѓународните тарифи за роаминг во телекомуникациските услуги. Меморандумот на заедничката седница во Струмица, на 23 ноември 2017 година, го потпишаа министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски и Бугарскиот министер за транспорт и информатички технологии, Ивајло Московски. Со овој документ министерствата се договараат да ги поттикнат мобилните оператори да склучат меѓусебни спогодби кои ќе доведат до трајно намалување на малопродажните ценина роаминг услугите за крајните корисници. Ова е дел од мерките за подобрување на поврзаноста на сите нивоа во регионот, коишто директно ќе се одразат на контактите меѓу граѓаните и фирмите.

### 1.10.11 Стручно усовршување на административните службеници

Во врска со Годишните планови за обуки на административни службеници, како законска обврска на институциите за подготовка и нивна достава на мислење до МИОА во тековната година за наредната година, МИОА располага со вкупно 260 Годишни планови за обука за 2017 година и тоа: од 98 органи на државна управа, 60 единици на локална самоуправа и 102 институции од јавен сектор, за кои е дадено и соодветно мислење.

Што се однесува до Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2017, на традиционален начин одржани се 6 обуки со вкупно 69 учесници. Со оглед на тоа што двете електронски платформи за обуки генерираат кумулативни извештаи, известуваме дека во системот за Микроучење до декември 2017 година се евидентирани нови 4 институции од кои: 2 органи на државна управа, 1 единица на локална самоуправа и 1 институција од јавен сектор. Во периодот од август 2013 година заклучно со декември 2017 година обуките ги посетиле вкупно 5294 административни службеници и тоа од 50 органи на државна управа, од 25 единици на локална самоуправа и од 13 институции од јавен сектор.Во 2017 година во Системот за управување со учењето (СУУ/LMS) нема регистрирани нови институции.

Годишната програма за генерички обуки за 2018 година е донесена на 20.07.2017 година, со 37 тематски обуки и е објавена на интернет страницата на Министерството.

Во врска со Годишната програма за обука за административно управување како законска обврска на МИОА за донесување, истата за 2017 година беше донесена во јуни 2016 година. Обуката е единствено достапна преку

електронскиот систем за управување со учењето (СУУ/ LMS).

### 1.10.11 ЕНЕР

Единствениот национален електронски регистар на прописи (ЕНЕР) претставува електронски систем кој покрај постојните прописи ги содржи и предлог законите на министерствата во фаза на подготовка односно претставува поддршка на процесот на Проценка на влијанието на регулативата (ПВР). ЕНЕР е алатка која овозможува сите заинтересирани страни електронски да достават мислења, забелешки и коментари на објавените предлог закони директно до надлежните институции и навремено да се вклучат во креирањето на регулативите. На тој начин се постигнува поголема предвидливост на истите и секако транспарентност на целокупниот процес.

Со Деловникот за изменување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.113 од 18.08.2017), рокот за **консултации на ЕНЕР се зголеми од 10 на 20 дена**. Зголемувањето на рокот за консултации има за цел да поттикне поголемо учество на пошироката јавност при подготовка на прописите. На тој начин креаторите на политиките ќе носат одлуки засновани на аргументи и во консултација со сите засегнати страни.

### 1.10.12 Проценката на влијанието на регулативата (ПВР)

Проценката на влијанието на регулативата (ПВР) преставува интегрален дел во процесот на подготовка на закони. МИОА како надлежно министерство за управување на процесот на регулаторна реформа редовно ја информира Владата на Република Македонија за примената и спроведувањето на Методологијата за Проценка на влијание на регулативата и врши редовна проверка на сите предлог закони кои се доставуваат во Владина процедура за разгледување, за тоа дали се почитува пропишаната процедура за ПВР.

Во ноември 2017 година МИОА започна со реализација на проектот „Поддршка на процесот на реформите на јавната администрација"-компонета „Подобра регулатива- Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)" во рамките на кој ќе се преземат мерки и активности за подобрување на спроведувањето на процесот на ПВР, поедноставување на Извештајот за ПВР, како и обука за надградба на административните капацитети во министерствата. На 20.12.2017 година се одржа работна средба со координаторите за ПВР и нивните заменици од министерствата на кој беше разгледан и разработен Прашалникот за подобрување на квалитетот на ПВР. Од податоците и информациите добиени преку прашалникот се подготви Извештај со препораки за подобрување и поедноставување на структурата и содржината на Извештајот за ПВР, како и препораки во однос на зајакнување на капацитетите на министерствата во однос на ПВР. Исто така, беа спроведени обуки за ПВР за координаторите и замениците координатори во министерствата како и на лицата вработени во кабинетите на министрите.

### 1.10.13 Инцијатива за Отворено владино партнерство

Отвореното владино партнерство (ОВП) е мултилатерална доброволна иницијатива која има за цел да обезбеди посветеност и превземање на обврски на Владите за унапредување на транспарентноста, зајакнување на улогата на граѓаните, борба против корупцијата, зајакнато управување и тоа темелено на нови технологии.

Република Македонија пристапи кон глобалната Инцијатива за Отворено владино партнерство во 2011 година. Со пристапувањето кон оваа иницијатива, Владата на Република Македонија се обврза континуирано да се подобрува и својата работа да ја темели на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива, Владата на Република Македонија до сега има усвоено три акциски планови во 2012-та, 2014-та и во 2016-та година за соодветните двегодишни периоди.

Во 2017 година се продолжи со имплементација на третиот Национален акциски план за Отворено владино партнерство за 2016-2018 година која се врши во соработка со преставници од министерствата и со претставниците на засегнатите стани со цел подобра координација на процесот на Отворено владино партнерство.

## 1.11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА 2018 ГОДИНА

### 1.11.1 Национален совет за ИКТ и Дигитален форум

Во јануари оваа година, формиран е Национален совет за ИКТ („Службен весник на Република Македонија" бр. 22/2018) кој во моментот спроведува assessment за ИТ инфраструктурата/ вработеноста на ИТ кадарот во администрацијата. По завршување на анализата, ќе се почне со подготовка на долгорочна ИКТ стратегија.
Во јуни Владата на Република Македонија донесе Одлука за формирање на Дигитален форум за информатичко комуникациски технологии, кој работи врз основа на размена на идеи, искуства и информации од областа на информатичкото општество и обезбедува координација и учество во развојот на информатичкото општество на јавниот, приватниот, граѓанскиот сектор и академската заедница

### 1.11.2 Национална стратегија за сајбер безбедност

Во март 2018 година беше формирана работна група за изработка на стратешки документи од областа на сајбер безбедноста, составена од претставници од Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи, со задача да изработи стратешки документи од областа на сајбер безбедноста во Република Македонија и да изготви Акциски план за спроведување на приоритетите од истите. Работната верзија на Националната стратегија за сајбер безбедност беше објавена во јуни 2018, по што следеше јавна дебата и период на широки консултации, во кој беа добиени коментари на текстот на стратегијата од засегнатите страни од јавниот сектор, приватниот сектор, академската заедница, граѓански организации и заинтересирани граѓани, но и интернационалните партнери. Работната група ги разгледа сите коментари и дел од нив имплементираше во текстот на стратегијата, а за дел оцени дека се соодветни за Акцискиот план.

На 17 јули 2018 година Националната стратегија за сајбер безбедност на Република Македонија 2018 – 2022 беше усвоен од страна на Владата на Република Македонија.

Во наредниот период, предвидено е изготвување на Акциски план кој ќе ги содржи мерките и активностите за реализирање на поставените цели во Стратегијата, во рок од три месеци од донесување на Стратегијата; дефинирање на Критична Информациска Инфраструктура (КИИ) во Република Македонија; формирање на Тело со оперативни капацитети за сајбер безбедност, како новоформиран самостоен орган (агенција, дирекција) или како новоформирана организациска единица, односно орган во рамки на постоечки орган.

Покрај тоа, планирано е да се обезбеди меѓународна помош за Имплементација на дел од мерките и активностите во Акцискиот план и формирање на Академија за сајбер безбедност.

### 1.11.3 Интероперабилност

Направено е примопредавање на сметководствената документација со МФ за давање на трајно користење на движни ствари за проектот „Договор за набавка на опрема за системот за интероперабилност во Министерството за информатичко општество и администрација" што се однесува на комуникациските клиенти во институциите, со што МИОА станува единствен сопственик на целокупната опрема од МИМ2. Со тоа ќе започнат активности за зголемување на бројот на сервиси за размена на податоци (регистрирање на сервисите развиени како дел од проектот интерконективност на МТСП). Исто така, со прераспределба на серверите (комуникациските клиенти) од проектот интерконективност на МТСП, ќе се зголеми бројот на институции кои ќе имаат можност да разменуваат податоци преку втората сервисна магистрала МИМ2 на платформата за интероперабилност. Планирани се активности со кои ќе се изврши оптимизација и подобрување на некои од функционалностите на МИМ2. Исто така во план е да се направи анализа на моменталната состојба со комуникациски клиенти по институциите, искористеноста на првата и втората магистрала, МИМ1 и МИМ2, како и оптимизација на целокупната платформа во насока на постигнување на поголема ефикасност и ефективност на истата.

### 1.11.4 Систем за управување со документи (ДМС)

Модернизацијата на електронскиот систем за управување со документи се наметнува како потреба, со брзиот развој на дигиталната технологија, ограничувањата на постоечкото решение, како и неможноста за продолжување на поддршката за истото. Целта на модернизацијата на ДМС е воспоставување на стабилен, сигурен, скалабилен, проширлив и лесен за користење систем за управување со документи, со кој ќе се надминат ограничувањата на постоечкиот систем и ќе се овозможи долгорочна одржливост.

Во јули 2018 година е завршена изработката на техничка спецификација за модернизација на системот за управување со документи. Со спроведување на набавката се предвидува имплементација на новото решение во 20 институции, како и понатамошно проширување со нови институции што ќе води кон зголемување на употребата на електронски системи за управување со документи во институциите.

Модернизацијата подразбира пософистицирано управување со информациите и документите, подобрување и оптимизација на постоечките процеси и функционалности и воведување на нови, дигитално потпишување, обезбедување на стабилна позадинска електронска евиденција, меѓуинституционална електронска комуникација, интеграција со други системи, прилагодувања за мобилни уреди итн..

### 1.11.5 Една точка за услуги (ЕТУ)

Планираните активности за ЕТУ во 2018 година вклучуваат формирање и пополнување на одделение во рамки на МИОА, кое ќе го води функционирањето на ЕТУ, одржување средби со претставници од раководствата на избраните институции, со цел финални договори (од организациски и правен аспект), за вработените од институциите кои ќе бидат дел од ЕТУ, креирање на правила и деловодници за работа на ЕТУ, како и подготовки за пуштање на ЕТУ и пуштање во функција.

### 1.11.6 Национален портал за е-услуги

Во рамки на ИПА проект наменет за ЗПВРМЕП, набавена е опрема која ќе се пренамени за потребите на порталот бидејќи поголемиот дел на опремата одговара за потребите на порталот е-услуги. Пренамената е завршена и официјално, со добиена согласност од ДЕУ, а во тек е постапка за примопредавање на истата во сопственост на МИОА (преку ЦФЦД и МФ).

Планирани активности за претстојниот период е завршување на развојот на новите е-услуги и интеграцијата. Започнат проект, ИПА 2012, дефинирани функционалности и архтектура на порталот и поврзување на Порталот со Каталогот на услуги, со цел презентација на податоците од услугите на порталот.

### 1.11.7 Каталог на јавни услуги

Во текот на 2018 година беа одржани состаноци со институциите, кои се во улога на верификатори на податоците, и формирана листа на верификатори. При тоа, беа дадени предлози за подобрување на софтверското решение, од страна на групата верификатори и имплементација на истите од страна на развивачите на решението. Податоци од нови 24 закони беа имплементирани и верификувани, но и веќе внесените податоци за 199 услуги од 26 закони, кои се од 6 области беа верификувани

Во претстојниот период планирано е да бидат дефинирани процесот на коректно внесување податоци и нивно редовно ажурирање и да биде воспоставен процес на постојано и редовно внесување и ажурурање во Каталогот од страна на институциите.

### 1.11.8 Регистар на население

Со проектот „Регистар на население“ ќе биде формирана единствена база на податоци која ќе обезбеди ажурирани информации за населението во Република Македонија.

Во декември 2017 година беше потпишан договор со фирмата која достави најдобра понуда за ИПА2013 набавката на опрема. Проектот ИПА2013 набавката на опрема започна на 15.01.2018 година. Во текот на јануари 2018 година, беа одржани неколку состаноци со Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда-Управа за водење на матични книги и Централен регистар за дефинирање на протоколот за комуникација на системите за автоматска размена на податоци за потребите на проектот

„Регистар на население". Притоа, се увиде потребата да се постави посебна безбедносна зона за системите на Министерството за внатрешни работи преку која ќе се добиваат информациите од позадинските системи за потребите на Регистарот на население. За таа цел, беше воспоставена безбедносна зона за размена на податоци со системите на Министерството за внатрешни работи, која во текот на месеците Мај и Јуни беше тестирана со тест податоци.

На 13.02.2018 година министерството формираше работна група со работна задача за подготовка на техничка документација за Набавка на услуги за колокација на информатичка опрема. Оваа набавка беше објавена на 16.03.2018 година и на 07.06.2018 година беше склучен договор со компанијата која достави најдобра понуда.

Паралелно со спроведување на проектот ИПА2013 година, тимот за имплементација на проектот во февруари работеше и на пишување на техничка спецификација за набавка на информатичка опрема, која не се прозиведува во ЕУ и истата не можеше да се набави преку средствата обезбедени со ИПА2013. Техничката спецификација беше поделена во 3 дела и со истата беа дообезбедени потребните ресурси за спроведување на проектот. На 4.04.2018 година беше донесена одлука за спроведување на јавна набвка, која заврши со аукција на 18.07.2018 година.

Во текот на Април и Мај месец, беа одржани неколку состаноци со клучните институции за обезбедување на податоците во регистарот - МВР и УВМК. На состаноците беше дефиниран Протокол за размена на податоци, кој ги содржи сите информации за начинот и периодот на експортирање на податоците од позадинските системи. Во текот на првата половина на Мај 2018 година, во соработка со институциите и ДЗЛП беше усогласен текстот на договорот за давање на користење на лични податоци во електронска форма. Истиот беше потпишан на 21.05.2018 година помеѓу МИОА и МВР. На 09.06.2018 година беа преземени продукциските податоци од системите на МВР. Со обезбедување на потребните просторни услови, упатства и правилници за заштита на личните податоци, консултантите започнаа со работа на продукциските податоци во Јуни 2018 година.

На 16.05.2018 година беше доставена опремата која беше набавена преку проектот ИПА2013 – Лот 2 за потребите на Управата за водење на матичните книги (УВМК). Два скенери за дигитализација на хартиените книги за родени, венчани и умрени беа доставени во просториите на УВМК. Во текот на првата половина од Јуни 2018 година од страна на техничко лице – претставник на компанијата, беше извршена инсталација и кофигурација на опремата. На 6 лица вработени во УВМК им беше извршена обука за користење на опремата и заедничко тестирање на функционалностите на истата. Во првата половина на Јули 2018 година беше извршен технички прием со претставници од CFCD и МИОА, согласно ИПА процедурите.

На 31.05.2018 година беше испорачана првата опрема – компјутери и монтори кои беа набавени преку програмата ИПА2013 – Лот 1. Поголемиот дел од хардверската опрема беше доставен на 11.07.2018 година.

Предлог Законот за централен регистар на население и Предлог Законот за електронско управување и електронски услуги веќе се изготвени со завршена процена на влијание на регулатива, но поради влијанието што овие закони ќе го имаат при нивното спроведување, како и опфатот на нивната примена, продолжен е рокот за консултации.

Идните планирани активности вклучуваат преземање на целосни податочни сетови од Министерство за внатрешни работи, Управа за водење на матичните книги и Централен регистар (изворници на податоци за Регистарот на население); преземање на целосни податочни сетови од институции кои чуваат лични податоци за граѓаните, а кои може да помогнат во пречистувањето на податоците добиени од институциите изворници; донесување на законските измени; поставување на хардверската опрема, со инсталација и конфигурација во примарен и секундарен податочен центар; формирање на сектор кој ќе работи на одржување на проектот и спроведување на обуки за одржување на проектот.

### 1.11.9 eID

За воспоставување на дигитална средина која дава пристап до и можност за користење на електронски услуги, потребно е градење на функционална инфраструктура преку дигитализација на сите потребни компоненти. Еден од неопходните предуслови за воведување електронски услуги, т.н. „овозможувач" е воведување

електронски идентитет за користење е-услуги преку информиран избор и имплементација на оптимално решение согласно добрите европски практики и условите во државата.

Идните активности вклучуваат зголемување на употреба на електронски системи за управување со документи во институциите, студија за можни системи за електронска идентификација и автентикација во администрацијата, со препораки, анализа и студија на изводливост за национално решение [со опфат: национален CA v.s. комерцијални издавачи, модели за мобилна идентификација, електронска лична карта, прифаќање на постоечки методи за ел. идентификација како ЕЗК, со препораки за SSO (Single Sign On) решение.

### 1.11.10 eIDAS

Министерството за информатичко општество и администрација изработи предлог на Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, со цел утврдување правниот режим на електронските потписи, електронските печати, електронските временски жигови, електронските документи, услугите за електронска препорачана достава, услугите за проверка на автентичноста на веб страници, како и начинот на чување на електронскиот потпис или печат и нивна валидација. Овој закон е хармонизиран со Регулативата (ЕУ) бр. 910/2014 за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар (eIDAS). Нацрт текстот беше поставен на ЕНЕР со цел известување на јавноста за подготвување на законот и спроведување на широк процес на консултации.

Во идниот период предвидено е усвојување на Закон за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги; развој на roadmap за транспонирање на eIDAS директивата; обезбедување на експерска помош за хармонизација на националната регулатива со подзаконските акти на eIDAS (implementation acts) и реализација на пилот проект за меѓусебно признавање на електронски потписи со земјите од Западен балкан.

### 1.11.11 Систем за управување на човечки ресурси

Во текот на 2018 година, спроведено е тековно одржување на системот и поддршка во работењето на институциите и корисниците на системот. Заедно со УЈП, се промени законската рамка поврзана со плати, односно се изменија 4 закони со кои институциите кои нема да имаат ажурирана и точно внесена состојба на сите вработени, нема да можат да добијат плата/фолио број од УЈП. Покрај тоа, формирана е координативна група за подготовка на техничката спецификација за модернизација и подобрување на функционалнстите во системот, а во финална подготовка е и техничката спецификација за модернизација на системот.

Планираните активности за 2018та година вклучуваат спогодбен дијалог со економскиот оператор за одржување на системот во период на модернизација на истиот, реализација на набавка за Модернизација на информациниот систем за управување со човечки ресурси ХРМИС, како и подготвителни активности за мигрирање на софтверското решение во клауд околина.

### 1.11.12 Национален оперативен бродбенд план на Република Македонија

Република Македонија немаше национален оперативен Бродбенд план. Со цел подготовка на Национален оперативен бродбенд план на Република Македонија, Министерот за информатичко општество и администрација во Јануари 2018 година формира четири работни групи. Во работните групи учествуваат преставници од министерства, регулаторни тела, оператори, универзитети, независни експерти, невладини организации, стопански комори, ЗЕЛС и јавни претпријатија. Министерството за информатичко општество и администрација до ЕУ достави четири апликации за TAIEX техничка помош за подготовка на Националниот оперативен бродбенд план. Во меѓувреме се работи на НОБП и се подготвува нацрт верзија на истиот.

При тоа, планирано е НОБП да биде ставен на разгледување и усвојување, како и поттикнување и зголемување на интересот на граѓаните за користење на бродбендот. Министерот за информатичко општество и администрација во Јануари 2018 година формира меѓуресорска работна група за утврдување на предлог мерки за потикнување и зголемување на интересот на граѓаните за користење на бродбенд во која учествуваат преставници од невладини организации, оператори, АЕК, министерства, универзитети, стопански комори, итн.

### 1.11.13 Мапирање на територијата на РМ со постојни и идни NGA мрежи на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и услуги

Како обврска на Агенцијата за електронски комуникации, со цел подобра координација на овој процес, односно изнаоѓање на начин за исполнување на оваа обврска од нивна страна, Министерот за информатичко општество и администрација формира меѓуресорска работна група во која учествуваат преставници од оператори, државни институции, заедницата на локални самоуправи, стопански комори, јавни претпријатија, универзитети. Во тек е процесот на мапирање на постојните бродбенд мрежите на операторите и на нивните планови за инвестиции во NGA мрежи во идните три години (утврдување на т.н "бели области"). Мапирањето е комплетно завршено и започната е фазата на верификација на мапирањето, која треба да заврши во август 2018 година.

Во текот на 2018 година, планирано е целосно мапирање на територијата на РМ со постоечки и планирани идни бродбенд електронски комуникациски мрежи.

### 1.11.14 Мапирање на територијата на РМ со слободни капацитети и нивно идно користење кај постојни електронски комуникациски мрежи изградени со јавни средства

Со цел ре-искористување на слободните капацитети на мрежите изградени со јавни средства а во насока на намалување на трошоците на операторите за изградба на NGN мрежи, Министерот за информатичко општество и администрација формира меѓуресорска работна група во која учествуваат преставници од државни институции, заедницата на локални самоуправи, јавните претпријатија. Завршена е постапката на мапирање на постојните бродбенд мрежи изградени со јавни средства. Согласно последниот состанок на работната група, откако ќе се заврши мапирањето на постојните бродбенд мрежи изградени со јавни средства треба дополнително да се утврди како најдобро би се искористиле слободните капацитети.

Во текот на 2018 година, планирано е утврдување слободни капацитети и нивно идно користење кај постојни електронски комуникациски мрежи и средства, изградени со јавни средства.

### 1.11.15 Подготовки за воведување на 5G во РМ

Министерот за информатичко општество и администрација во Јануари 2018 година формира Работна група за утврдување мерки и активности потребни за воведување на 5G мобилна технологија во Република Македонија. Во Работната група учествуваат преставници од регулаторни тела, министерства, оператори, универзитети, стопански комори, медиуми, производители на опрема. На последниот заеднички состанок на оваа работна група со работната група задолжена за координација на процесот на мапирање на територијата на РМ со постоечки и планирани идни бродбенд електронски комуникациски мрежи, беше договорено до 13 Април членовите на двете работни групи да доставаат свои детални предлози за измена и дополна на градежната регулатива. Предлозите беа доставени во предвидениот временски рок и беа објавени на веб страната на Министерството за информатичко општество и администрација. Исто така, Работната група ќе треба да изготви документ во кој ќе бидат содржани мерките и идните активности кои ќе треба да бидат преземени со крајна цел успешна имплементација на 5G технологијата во РМ.

Во идниот период планирано е да бидат утврдени мерките и активностите кои ќе ја олеснат имплементацијата на 5G мобилната технологија во РМ.

### 1.11.16 Роаминг

Меморандум меѓу владите на Македонија и Бугарија за намалување на меѓународните тарифи за роаминг во телекомуникациските услуги. Меморандумот на заедничката седница во Струмица, на 23 ноември 2017 година, го потпишаа министерот за информатичко општество и администрација, Дамјан Манчевски и Бугарскиот министер за транспорт и информатички технологии, Ивајло Московски. Со овој документ министерствата се договараат да ги поттикнат мобилните оператори да склучат меѓусебни спогодби кои ќе доведат до трајно намалување на малопродажните ценина роаминг услугите за крајните корисници. Ова е дел од мерките за подобрување на поврзаноста на сите нивоа во регионот, коишто директно ќе се одразат на контактите меѓу граѓаните и фирмите. Бугарската Влада на 18-ти јануари 2018 година го усвоила Меморандумот меѓу владите на Македонија и Бугарија за намалување на меѓународните тарифи за роаминг во телекомуникациските услуги. Меморандумот овозможува регулаторните тела на двете држави да почнат процедура со која ќе ги поттикнат

операторите да склучат договори за пониски цени при разговор, пораки и интернет во роаминг. Македонија е првата држава од Западен Балкан со која Бугарија склучи меморандум за намалување на цената на роамингот.

Од страна на еврокомесарката Габриел се прават напори да се намалат роаминг цените помеѓу операторите од земјите на ЕУ и земјите од Западен Балкан.

### 1.11.17 Отворени податоци

До овој момент, изработени се Стратегијата за отворени податоци и Акциски план за стратегијата за отворени податоци и истите се усвоени од Владата на Република Македонија. Направена е анализа и каталогизација на податочните сетови во четири државни иституции: Министерство за финансии, Министертво за здравство, Министерство за труд и социјална политика и Министертсво за образование и наука.

Во следниот период треба да се помине на реализација на активностите и мерките дефинирани во Акцискиот план од стратегијата за отворени податоци. Исто така, главен акцент треба да се стави на активна работа со институциите во процесот на идентификација, приоритизација и отварање на податочните сетови. Иницијативата за отворени податоци налага постојано ажурирање на објавените податочни сетови како и отварање на нови. Тоа е континуиран процес кој има за крајна цел целосно отварање на сите податочни сетови од институциите кои ќе бидат идентификувани како отворени податочни сетови.

Заклучно со август 2018 треба да се заврши со развојот на новиот портал за отворени податоци.

Важна активност во насока на полнењето на порталот со податочни сетови е комуникацијата со институциите, како и нивниот ангажман за отварање на податочни сетови. Тука е важно да се води сметка за квалитетот на отворените податочни сетови и нивното навремено ажурирање, а потпа и на квантитетот односно бројот на отворени податочни сетови. Друга активност е доработка на документот за стандарди за мета податоци за отворените податоци, како и нивно усвојување од страна на Владата на Република Македонија.

### 1.11.18 Инцијатива за Отворено владино партнерство

Во 2018 година официјално отпочна процесот на ко - креација на Четвртиот национален Акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година. Преку широк консултативен процес на кој беа пресретнати искуствата и предизвиците од претходните акциски планови за отворено владино партнерство, препораките од механизмот за независно известување, креативните предлози од заинтересираните чинители и со директна вклученост на 331 претставник од владиниот и граѓанскиот сектор се подготви нацрт национален Акциски план за отворено владино партнерство за 2018-2020 година во кој се дефинирани 18 заложби во 7 приоритетни теми: пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци, транспарентност на локално ниво, пристап до правда и климатски промени.

Во следниот период предвидено е формализирање на националниот Акциски план за отворено владино партнерство за 2018-2020 година, и почеток на неговата имплементација.

### 1.11.19 ЕНЕР

Поради зголеменото користење на ЕНЕР како алатка за консултации со засегнатите страни, во текот на 2018 година планирано е да се изврши соодветна надградба и подобрување на функционалноста на ЕНЕР. Со цел зголемување на вклученоста на засегнатите страни во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките, со техничката надградба на ЕНЕР ќе се овозможи поднесување на online иницијативи и предлози од засегнатите страни и интеракција со министерствата и ќе се воспостави централно место за консултација на предлог стратегиите и други стратешки документи на министерствата.

### 1.11.20 Проценката на влијанието на регулативата (ПВР)

Во 2018 година се започна со подобрување и поедноставување на структурата и содржината на Извештајот за ПВР. Во месец април 2018 година се одржаа две дополнителни дводневни обуки за ПВР за државните службеници од министерствата кои работат на процесот на ПВР и подготовка на закони.

Во наредниот период, согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, планирано е да

се изврши анализа на постоечките ex-ante и ex-post процеси со цел оценување на нивната актуелност, корист и употреба како и дефинирање на ефикасен механизам за утврдување на законите кои ќе подлежат на ex-post анализи, подготвување на препораки и предлог за пристапот за ex-ante и ex-post анализи, подготвување на прирачник/прирачници за спроведување на ex-ante и ex-post анализи при креирање на политики и специјализирана програма за обука.

### 1.11.21 Стратегија за реформа на јавната администрација

Реформата на јавната администрација (РЈА) претставува континуиран процес на реорганизација на институциите во јавниот сектор и унапредување на нивниот административен капацитет, а воедно и еден од клучните приоритети во пристапното партнерство и важен предуслов во процесот на европска интеграција на Република Македонија.Иницијативите за модернизација и унапредување на администрацијата се постојано актуелни. На државната и на јавната администрација се гледа како на основа на целокупниот јавен сектор од кој зависат процесите и развојот во секое демократско општество. Работата во јавниот сектор ги одразува демократските вредности во целина и во таа смисла сите институции имаат одговорност даработат кон остварување на подобра вредност за граѓаните и бизнисите и со тоа да обезбедат социјален и економски развој, односно просперитет на државата во целина.
До сега, Република Македонија како земја кандидат за членство во Европската унија во изминатите години ги вградува и развива начелата на Европскиот административен простор преку усвојување на две стратегии за реформа на јавната администрација. Преку спроведувањето на првата Стратегија за РЈА донесена во 1999 година, иако временски не детерминирана, се поставија темелите на законската и институционалната рамка неопходни за отпочнување на процесот на реформа на јавната администрација. Во 2010 година беше донесена втората Стратегија за РЈА (2010-2015) со Акциски план, чие спроведување придонесе кон подобрување на квалитетот на административните услуги за граѓаните и деловните субјекти и подобрување на квалитетот на процесите за подготвување на политиките и нивното спроведување. Во јули 2017 година, МИОА формираше работна група за изработка на Стратегијата и објави повик до граѓанските организации и стопанските комори за номинирање на членови во тематските подгрупи за финализирање на документот. Како одговор на повикот и номинирањето на лица за членови во подгрупите се формираа нови работни подгрупи согласно принципите за јавна администрација на СИГМА. Тие работеа на Нацрт Стратегијата од 2016 година, давајќи и нова структура, нова визија и изменета содржина, врз основа на добиените коментари и предлози од граѓанските организации и засегнатите страни. Главните извори за работата на групите, покрај експертизата на членовите на групите, беа различните извештаи на СИГМА (оценки, препораки и анализи на состојбите), извештаите за Македонија на ЕК и голем број на други релевантни документи. Оваа Стратегија ја отсликува состојбата и предизвиците во областа на јавната администрација во Република Македонија, заклучно со 31 декември 2017 година.

### 1.11.22 Систем за управување со процесите на давањето на услуги

Системот за управување со процесите на давањето на услуги претставува ИПА проект од областа на РЈА за модернизација на јавната администрација каде Компонентата 1 се однесува на Подобрено спроведување на законската рамка на ЈА и развој на информациски систем за подобрен учинок на доставата на јавни услуги. Проектот опфаќа дизајнирање и развој на платформа за организирање на внатрешни деловни процеси и платформа за управување со институционално и индивидуално оценување на квалитетот и ефикасноста на услугите согласно законот за општа управна постапка.
Во проектот се вклучени Инспекцискиот Совет, кој опфаќа 15 инспекторати, ФПИОМ со неговите регионални дирекции и потенцијални услоги од МО. Проектот треба да заврши за 12 месеци т.е. почеток на 2019 година.

Планираните активности кои се однесуваат на системот за управување со процесите на давањето на услуги вклучуваат анализа на услугите на инпекторатите, анализа на услугите и интеграцијата со ФПИОМ, анализа на услугите одбрани од МОН, иницирање на набавка за превентивно и адаптивно одржување на системот согласно доставената спецификација, анализа на потенцијал на интеграција на националниот портал, каталогот на услуги и системот за управување со процеси за давање на услуги (управни постапки) во една платформа, следење на развојот на системот, обуки за корисниците, негово тестирање, и пуштање во употреба, како и предлог динамика за воведување и реализирање на нови услуги.

Во текот на 2018 година, формирани се работни групи за реализација на компонентите, реализиран е почетен состанок за проектот (kickoff meeting), месечен и координативен состанок, презентирани и дискутирани

предлог модулите и нивните функционалнсоти за планираниот информациски систем, а во тек е и анализа на услугите кои ги даваат инспекторатите согласно ЗОУП.

### 1.11.23 Управување со квалитет

Во Акцискиот План на Стратегијата за реформа на јавната администрација предвидено е подготовката и усвојувањето на Националната рамка за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија. Согласно ова, МИОА со поддршка од Регионалната школа за јавна администрација (ReSPA) подготви Национален план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија за периодот 2018-2020 година. Како основа за подготвката на активностите од планот беа земени две анализи (регионална и национална). Со анализите се собраа информации за искуствата и потребите во спроведувањето на инструментите за управување со квалитет во институциите во Република Македонија. Првичниот нацрт Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија за периодот 2018-2020 година беше презенторан на Националата конференција за управување со квалитет која се одржа на декември 2017 година. Документот во нацрт верзија исто така беше прзентиран и дискутиран во текот на првиот квартал од 2018 година на неколку работни средби на лицата кои работат на областа на управување со квалитет во инситтуциите во Република Македонија. Нацрт Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија за периодот 2018-2020 година исто така беше поставен и на веб-локацијата на МИОА каде сите заинтересрани страни можеа да го преземат и да ги достават свотите коментари. Во наредниот период МИОА ќе работи на усвојување и имплементација на Националниот план за управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија. Во оваа насока ќе бидат спроведени повеќе активности во шест приоритетни области според кои системот за управување со квалитет во Република Македонија понатаму ќе се развива: 1. Обезбедување политичка посветеност на највисоко ниво за процесот на управување со квалитет во јавниот сектор во Република Македонија; 2. Подигнување на свеста и размена на информации за управување со квалитет со организациите од јавниот сектор во Република Македонија; 3. Градење на капацитетите на организациите од јавниот сектор во Република Македонија за примена на модели и алатки за управување со квалитет; 4.Вклучување на различните засегнати страни во имплементација и промовирање на управувањето со квалитет во јавната администрација во Република Македонија; 5. Зајакнување на капацитетите на МИОА во воведување и промовирање на алатки за управување со квалитет во јавната администрација во Република Македонија; и 6. Обезбедување на континуитет и одржливост на процесот на управување со квалитет во Република Македонија.

### 1.11.24 Обуки на административни службеници

Во врска со прибирањето на Годишните планови за обуки на административни службеници за 2018 од институциите до МИОА, доставени со вкупно 244 Годишни планови за обука за 2018 и тоа: 79 од органи на државна управа, 61 единица на локална самоуправа и 104 институции од јавен сектор, за кои е дадено и соодветно мислење.

Што се однесува до реализација на Годишната програма за генерички обуки на административните службеници за 2018, досега на традиционален начин одржани се 3 тематски обуки, во 5 настани со вкупно 71 учесник.

Поради одредени измени на Законот за административните службеници, кои повлекуваат и директни промени на содржината и формата на двете програми, во тек се и подготовки на измените на соодветните правилници за подготовка на програмите, и согласно нивното објавување во „Службен весник на Република Македонија", во најбрз можен рок ќе бидат донесени.

### 1.11.25 Развивање на Рамка на професионални компетенции

Како една од активностите дефинирани во Компонентата 2 „Зајакнување на капацитетите на МИОА за координација на хоризонтални политики" од проектот ИПА ТАИБ 2012 EuropeAid/137521/IH/SER/1VIR "Поддршка на реформата на јавната администрација и зајакнување на капацитетите на МИОА", се однесува на подготовка на Рамка на професионални компетенции за определен број на професии на административните службеници. Активностите од компонентата 2 се одвиваа во период од 6 месеци, а за потребите на проектот беше ангажиран краткотраен експерт. Од страна на експертот беа подготвени 2 документи: Критериумите за избор на професии за развој на рамка за посебни компетенции за административни службеници и Компаративната анализа за Рамката на професионални компетенции и стандарди на професии во Европските земји во насока на поддршка на процесот на креирање на Рамка на професионални компетенции. Врз основа

на спроведените анализи и врз основа на широка дебата со претставници од државните институции и останатите засегнати на меѓу-институционални работни средби со споменатите фокус групи, произлегоа финални документите, и тоа: Рамката на професионални компетенции за различни професии на административни службеници (5 професии) и Прирачник со прашања за интевју темелено на компетенции за утврдените професии на административните службеници.
Имајќи ја предвид Стратегијата за реформа на јавната администрација, една од стратешките цели се однесува на процесот на создавање на професионална и департизирана администрација преку воведување на јасни критериуми и транспарентност при изборот на најдобар кандидат, системот на компетенции има за цел да го зајакне системот на следење на перформансите и резултатите на вработените во администрацијата, но и однесувањето на поединците како основа за воспоставување на минимум стандарди за секое работно место кои ќе обезбедат поефикасно и поефективно спроведување на работните задачи. Во таа насока, развивањето на Рамката на професионални компетенции во рамките на компонентата 2 на проектот ИПА ТАИБ 2012 е само иницијалниот чекор во развивање на стандарди на професии со специфични компетенции за секоја професија во рамките на администрацијата, додека идејата е оваа активност да продолжи преку понатамошно развивање на професионални компетенции за минимум 15-тина професии во администрацијата во наредниов период.

### 1.11.26 Методологијата за подготовка на Функционална анализа во институциите од јавниот сектор

Во контекст на определбата на земјата да се приклучи на Европската Унија, почна сеопфатен процес на реформа на јавната администрација и усогласување на законодавството во насока на остварување на оваа цел. Со донесувањето на двата нови закони кои ја регулираат администрација и целиот јавен сектор (Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административните службеници) во 2014 година се направија значителни чекори во насока на усогласување со европските стандарди на јавна администрација и начелата на добро владеење. Обврската за инситуциите за спроведување на Функционалната анализа е регулирана во член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор.
Рамките на Проектот „Поддршка на процесот на реформи на јавната администрацијата„ финансиран од амбасадата на Велика Британија во РМ, како една од активностите беше предвидена ревизија на постоечката Методологија за спроведување на функционална анализа, која првично беше подготвена во рамките на проектот ИПА ТАИБ 2009 „Зајакнување на имплементацијата на националниот систем за координација на обуките".
Методологијата е подобрена, надополнета и поедноставена во одредени делови со цел да им овозможи на институциите самостојно спроведување на оваа постапка заради соодветна организација и искористување на ресурсите во насока на остварување на надлежностите и стратешките приоритети на институцијата. Во следниов период Методологијата ќе биде официјализирана и претставена пред институциите, како и објавена на веб страницата на министерството.

### 1.11.27 Мрежа на организациони единици за управување со човечки ресурси

Во насока на остварување континуирана и систематска координација на управувањето со човечките ресурси во административната служба, во ЗАС експлицитно е уредено дека: „организационите единици за управување со човечки ресурси се организираат во Мрежа на организационите единици за управување со човечки ресурси (Мрежа за УЧР), со која претседава државниот секретар за информатичко општество и администрација".
Досегашното искуство од работата на Мрежата покажа дека непосредната комуникација е преферииран пристап кога се работи за размена на информации и искуства. Сепак, поради големиот опфат на членови на Мрежата (1300) интензивно се работи на изнаоѓање на соодветни модалитети за електронска комуникаци (интернет портал и форум за дискусија) кој ќе биде доволно прифатлив и атрактивен за да може да ги анимира членовите на Мрежата, но воедно и да служи како практична алатка за координација на управувањето со човечките ресурси во администрацијата, како и алатка за обезбедување соодветна поддршка на вработените во организационите единици за управување со човечки ресурси за имплементација на законските решенија. Покрај основната функција на Мрежата да служи како алатка за координација на вработените во организационите единици за управување со човечки ресурси, во наредниов период планирани се обуки за членовите на Мрежата за новата, ревидирана Методологија за спроведување на функционална анализа, за Рамката на професионални компетенции, обуки за поддршка на процесот на внесување на податоци во Информациониот систем за управување со човечки ресурси и други обуки релевантни за оваа група на вработени. Исто така, со септември 2018 година ќе биде организирана годишна Конференција за членовите на Мрежата на која покрај претставувањето на новините кои се однесуваат на областа за управување со човечки ресурси, ќе биде претствен и усвоен Деловникот на Мрежата и новиот интернет портал на Мрежата.

**ПРОГРАМИ**

**Реформа на јавна администрација**

**Информатичко општество**

## ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**А: Оправданост и дизајн на Програмата**

**Назив на Програмата: Реформа на јавна администрација**

**Цел на Програмата:** Развој на професионална, одговорна, стручна, доверлива и отчетна администрација. Услужно ориентирана кон граѓаните и бизнис заедницата, која ги исполнува меѓународните и европските вредности и стандарди за добро владеење. Професионален развој, институционално системско уредување за исполнување на потребите и интересите на граѓаните.

**Показатели за успех на Програмата:**

- Развиена и цврста соработка помеѓу организационите единици за човечки ресурси во државните и јавните институции и подобрување на мотивацијата кај вработените
- Имплементирање на насоките за Стандардите за управување со човечки ресурси
- Имплементирани стандарди за управување со квалитетот во институциите
